АДВОКАТ

[redacted]

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА
25-01-2024
11-18/1

---

**ДО ОПШТИНА БИТОЛА**

**ОД**
[redacted] од Битола со [redacted]
електронско сандаче [redacted]
електронско сандаче за достава: [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 24-01-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

72

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Почитувани,

Во текот на месец ноември и декември 2023 година при изведување на градежни работи на улицата Стив Наумов во Битола дојде по пукање на уличната водоводна мрежа. Поради таквото пукање на цевката беа поплавени повеќе станбени и деловни објекти и на истите им е причинета материјална штета.

Согласно член 4 од Законот за адвокатурата и согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бараме да ни биде издадена информација за тоа кој беше нарачател на предметната работа, што беше предмет на изработка и кој беше изведувач на работата.

Ваквите податоци бараме да ни бидат издадени во рок од 8 (осум) дена од приемот на ова барање, а се со цел заштита на правата и интересите на моите клиенти.

Битола,
24.01.2024

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-18/2
25.01.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-18/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил:
29.01.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 30.01.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 18/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-01/1 од Битола 30.01.2024г.**

**Одделение за**
**Админидтративни и општи работи**

**До Евгенија Чукалева**

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Во врска со вањето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-18/2 од 25.01.2024,

Ве известуваме, дека на улица „Стив Наумов" каде што при изведување на градежни работи дојде до пукање на водоводна цевка инвеститор (нарачател) е Општина Битола.

Предмет на Изведба на терен е Реконструкција на улица„Стив Наумов" со фази: канализациј, водовод и коловоз.

Изведбата на градежните работи ги врши Друштво за производство, промет и услуги „ СТЕНТОН ГРАДБА" Дооел с.Долно Оризари, Битола со седиште на адреса ул.„1" б.б. село Долно Оризари по договор со Општина Битола бр.08-980/1 од 12.09.2023.

Со почит,

Координатор:

Владимир Јовевски

Раководител на одделение,

Марјана Спасевска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-18/4
30.01.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **24.01.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Изведување градежни работи на улица Стив Наумов-Битола (Детален опис во прилог на Решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-18/1 од 24.01.2024 година
2. Допис до Одделение за комунални дејности со бр. 11-18/2 од 29.01.2024 година
3. Одговор од Одделение за комунални дејности со бр. 11-18/3 од 30.01.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 31.01.2024 година, под бр. 11-18/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА